Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

Државен инспекторат за труд

Архивски број : 04-1537-1/10
Скопје, 17.04.2024 година

# З А П И С Н И К

за спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Закон за инспекциски надзор ("Сл.весник на РСМ" бр.102/19 и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ("Сл.весник на РСМ "бр.238/19) на ден 17.04.2024 година ,со почеток во 13,00 часот.во службените простории на ДТИ-Скопје, пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор,формирана од Директорот на Државен инспекторат за труд со архивски број 04-1537/10 од 09.04.2024 год.се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата во состав:
1.Никола Димитров -ментор на кандидатот
2.Савка Лазарова–виш инспектор
3.Соња Ѓорѓиева – советник инспектор
4.Игор Вељаноски–претставник од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор Верче Миткова, кандидат за Советник инспектор во Државен инспекторат за труд на кого беше дадена симулација на вонреден инспекциски надзор согласно Законот за работни односи.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ("Сл.весник.на РСМ"бр.238/19), при што кандидатот за инспектор Верче Миткова изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти,затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

Со презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот Верче Миткова, Комисијата ги утврди освоените бодови ,и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор - 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор - 29 бодови
- Затворање на инспекциски надзор- 29 бодови
- Документирање на инспекциски надзор- 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор освои вкупно 88 бодови,со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.


Државен инспекторат за труд на Република Северна Македонија
Ул. „Партизански одреди" бр.48 А, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116110
e-mail: www.dit.gov.mk

Република Северна Македонија

Министерство за труд
и социјална политика

**Државен инспекторат за труд**

Полагањето на практичниот дел за испитот се реализираше во време:

- Почеток во 13,00 часот на ден 17.04.2024 година.
- Завршување во 16,00 часот на ден 17.04.2024 година.

Комисија за полагање на
практичниот дел од испитот

1.Никола Димитров -ментор на кандидатот
2.Савка Лазарова–виш инспектор
3.Соња Ѓорѓиева – советник инспектор
4.Игор Вељаноски–претставник од Инспекциски совет


Државен инспекторат за труд на
Република Северна Македонија
Ул. „Партизански одреди“ бр.48 А,
Скопје
Република Северна Македонија
-389 2 3116110
e-mail: www.dit.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика
Државен инспекторат за труд

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punës
dhe Politikës Sociale
Inspektorati shtetëror i punës

Архивски број: 04-1537/10
09 APR 2024 2024 година, Скопје

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/11,, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), член 43 став 1, 3 и 11 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), а во врска со член 7 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца за инспектор, Директорот на Државниот инспекторат за труд, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за спроведување на практичен дел од испит за инспектор**

1. Со ова решение се формира Комисија за спроведување на практичен дел од испит за инспектор за кандидатот Верче Миткова, вработена во Државниот инспекторат за труд.

2. Комисијата од член 1 на ова решение е во состав:

- Никола Димитров – ментор на кандидатот
- Савка Лазарева – виш инспектор
- Соња Ѓорѓиева – советник инспектор
- Игор Вељаноски – претставник од Инспекциски совет

3. Се задолжува комисијата да ги превземе сите дејствија потребни за спроведување на практичниот дел од испитот за инспектор за кандидатот и по спроведениот практичен дел од испитот за инспектор да состави записник за истиот.

4. Испитот ќе се одржи на ден 17.04.2024 година, во просториите на Државниот инспекторат за труд.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Директор

Весна Томовска

Изработил/Одобрил: М. Ѓ.